ЈУНИ 2019

# Е-БИЛТЕН БРОЈ 23



ЦеПроСАРД

Почитувани колеги, соработници и читатели,

Во новото издание на Билтенот на ЗГ ЦеПроСАРД ќе имате можност да се запознаете со активностите на организацијата во изминатиот период.

- Спроведување на мониторинг на крупните животни во Националниот парк Пелистер преку проектот „Подобро управување со природните ресурси во националниот парк Пелистер"

- Подобрување на инфраструктурата и реконструкција со воведување на мерки за подобрување на енергетската ефикасност на градинка во општина Центар - ЗГ ЦеПроСАРД ја изготви физибилити студијата за потребите на проектната единица МСИП при Министерството за финансии на Република Северна Македонија

- Преку проектот „Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ – BUILDLAG" беше формиран ЛАГ-от Полог Лидер

- Започна изградбата на информативни туристички центри во Косово во општина Призрен и во Република Северна Македонија  во општина Тетово – проект „Развој на рурален туризам FRET-STIC"

- Енергетскиот преглед на Специјалистичката Болница Мајка Тереза во општина Чаир укажа на многу недостатоци во енергетската ефикасност на градежните објекти болници - Проект „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија блиску до нула"

- Во месец март одржавме нов циклус на обуки за усовршување на енергетските контролори.

- Нашиот тим континуирано се обучува и надоградува со нови искуства во насоката во која делува

- Потпишавме Меморандум за соработка со „Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија" и ЗГ „ЦеПроСАРД

- 30 зимзелени дрвца на Денот на екологијата 25 март - им подаривме на учениците во училиштата во  општина Бутел

И во овој билтен, подетално ве информираме за тековните проекти, новини, настани на кои учествувавме и соработка и партнерства кои ги склучивме. Ви благодариме на сите кои континуирано не поддржувате и соработувате со нас!

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.

Телефон
+389 2 3061 391

Е-маил
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## *ЦеПроСАРД во заштита на биодиверзитетот*
## Проект за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“





ЦеПроСАРД продолжи со активностите за мониторинг на крупните месојади во Националниот парк Пелистер, а беше направена и ревизија на локациите на кои се поставени фото замките врз основа на досегашните резултати, а со цел уште повеќе да се придонесе кон квалитетот на податоците кои се добиваат од терен. Во рамки на овој проект, исто така се изработи и Студија за еко системски услуги од водите во НП Пелистер, а во моментот се во тек подготовки за отпочнување на активности за расчистување и обележување на две велосипедски патеки на територијата на Паркот.

Овој проект е дел од Програмата за подобување на управувањето со заштитените подрачја, финансирана од Европската унија, а ја спроведува УНДП со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

## Изработка на физибилити студии за финансирање на инфраструктурни проекти финансирани од Меѓународната банка за инвестиции и развој (Светска банка)





ЗГ ЦеПроСАРД ја изготви физибилити студијата/ документ за оправданоста на проектот “Целосна реконструкција на детска градинка „Пепелашка“, и реконструкција на водовод на улица „Велешка“ за потребите на проектната единица МСИП при Министерството за финансии на Република Северна Македонија.
Претставници од тимот на ЦеПроСАРД, ја посетија општина Центар и во текот на посетата беа остварени одделни средби со градоначалникот на Општината - г-н. Саша Богдановиќ, членови на општинскиот совет како и со граѓани од населените места во општината групирани во фокус групи.
Целта беше утврдување на реалните потреби од реализација на проектот во општина Центар. По интервјуто направено со градоначалникот, активностите продолжија на терен каде на лице место беше направен увид во фактичката состојба.
Проектот се финансира со заем од Меѓународната банка за инвестиции и развој (Светска банка), преку МСИП 2 проектот за подобрување на општинските услуги.

Телефон
+389 2 3061 391
Е-маил
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Проект Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ - "БИЛДЛАГ"




Во периодот од март до јуни оваа година, тимот на проектот БИЛДЛАГ работеше на регистрирање на новоформираниот ЛАГ во Полошкиот регион и Изработка на Стратегија и Акционен план.
На почетокот на месец март, проектиниот тим организираше консултативна средба со директорот на Центарот за развој на полошкиот плански регион г-дин Фатмир Саити, на која на кој беше направен пресек на активностите поврзани со регистрирањето и формирањето на новиот ЛАГ во Полошкиот регион помеѓу општините Тетово, Желино и  и дел од територијата на општина Брвеница.




Во текот на идните месеци - април и мај, беше креирана Стратегијата за новоформираниот ЛАГ Полог - ЛИДЕР и Акционен план од страна на ангажирани експерти, од каде се одбра една активност која беше спроведена до завршувањето на проектот БИЛДЛАГ, со цел да помогне кон започнување на работењето и функционирањето на ЛАГ-от. На почеток на месец мај беше одржана работилница со цел презентација на изработената стратегија во просториите на Центарот за развој на полошкиот плански регион каде учествуваа членовите на основачкото собрание на ЛАГ-от, како и претставници од таргетираните ентитети од регионот.
Овој проект е финансиран од Европската Унија.
Партнери во проектот се: Локална Акциска Група Уна од Хрватска  и Асоцијацијата на млади фармери Асаја Гранада од Шпанија.



### *Развој на рурален туризам*

## Проект Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри - "FRET-STIC"

Во рамки на проектот FRET-STIC, во изминатиот период се интензивираа активностите поврзани со воспоставувањето на објектите на туристички информативни центри (STIC-ови). Во таа насока започна нивната изградба во двете земји и се очекува во текот на летните месеци да бидат постават на определените атрактивни локации во Тетово и Призрен. Ангажирана е софтверска компанија за да развие интерактивна платформа, која од пребарувањата на туристите ќе прибира и анализира податоци за нивните преференции и ќе овозможи соодветни подобрувања. Исто така, со оваа платформа ќе се направи и вмрежување на новите и постојните туристички информативни центри во регионот на Шара.
Втората консултативна средба беше организирана на 19-20 март 2019 во Превала (Косово), заедно со Вториот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот. На средбата присуствуваа повеќе од 30 учесници чиј придонес има големо значење за текот на понатамошното спроведување на проектот.



Проектот “Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC“  е поддржан од Европската Унија, со времетраење од 24 месеци започна на 15 мај 2018 година. Проектот се спроведува во рамките на ИПА Програмата за меѓугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Косово.

## *Енергетска ефикасност на болници*
## Проект Болници на Балканот со енергија близу нула



Во изминатиот период во хотелот Колосео, во Тирана, Албанија, се одржа четвртиот состанок на  проектниот тим на проектот „Болници на Балканот со енергија близу нула“. Работниот состанок беше организиран од партнерот на проектот АЛБАФОРЕСТ од Тирана. На состанокот раководството на проектот го прегледа и координира спроведувањето на предвидените проектни активности. ЦеПроСАРД ги презентираше добиените податоци од извршената детална енергетска контрола на Специјална болница за гинекологија и акушерство “Мајка Тереза“ во Скопје.




Во просториите на ЗГ ЦеПроСАРД, експертите кои се ангажирани од ЗГ ЦеПроСАРД за спроведување на енергетска контрола на болници, ги презентираа резултатите од прелиминарниот преглед на објектот на ЈЗУ Општа болница Охрид пред проектниот тим. Во соработка со надлежните во Министерството за здравство на Северна Република Македонија ќе биде дефинирано која е следната болница назначена за детална енергетска контрола.



Овие активности се спроведуваат за постигнување на една од целите на проектот - Подготовка на детална анализа и тестирање на модели за надградба на болнички згради во згради со енергија блиску до нула. Ова се први т.н. „прегледи во од” и детални енергетски прегледи на болничките згради во Република Северна Македонија. Подготвената документација ќе биде доставена на користење на Министерството за здравство, кое даде поддршка во реализацијата на овој проект.

## *Одржан циклус на обуки за усовршување на ЕЕ контролори*



Тимот на ЦеПроСАРД го организираше циклусот на обуки за усовршување на енергетските контролори,  започнувајќи на 23.03.2019 година.Учесниците на обуката беа запознаени од предавачи со врвни познавања во широкиот спектар на енергетска ефикасност. По успешно завршената обука, и надградување на знаењето и вештините, на посетителите на обуката од страна на ЦеПроСАРД им беа врачени потврди со кои ќе го продолжат важењето на лиценците за дејноста енергетски контролор.

## *Тимот на ЦеПроСАРД продолжува да работи на усовршување и унапредување на знаењето и вештините*



Во текот на месец април во Охрид, ЦеПроСАРД учествуваше со свој претставник на „Првата заедничка обука на организациите членки на Архус мрежата“, на тема подобрување на знаењата за Архуската конвенција како и јакнење на капацитетите на организациите за користење на можностите што ги дава Архуската конвенција за  зголемување на учеството во процесите на донесување на одлуки поврзани со животна средина на локално и национално ниво.

Телефон
+389 2 3061 391

Е-маил
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## *Соработка на ЦеПроСАРД со ЗГ„Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија”*

Во изминатиот период ЦеПроСАРД беше активно инволвиран кон соработка и вмрежување со организации од различни портфолија, со цел диверзификација на својата дејност. Покрај неколку коодринативни средби и состаноци, на 19.04.2019 година во просториите на ЗГ ЦеПроСАРД беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу „Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија” и „Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој”.

Целта на двете организации е вмрежување за соработуваат на различни проекти со заеднички интерес. Соработката особено ќе се однесува во делот на воведување на иновативни практики во работењето на двете организации во идниот период.









## *ЦеПроСАРД како општествено одговорна организација во делот на животната средина беше дел од ,,Денови на екологијата" во организација на Општина Бутел и подари 30 зимзелени дрвца*

ЦеПроСАРД зема учество во настанот ,,Денови на екологијата" во организација на Општина Бутел. На настанот кој беше дел од низата настани под мотото ,,Денови на екологијата" , ја промовиравме важноста за зачувување на ќивотната средина и тековните активности на организацијата. На учесниците на настанот им подаривме зимзелени дрвца. Првото дрвце го подаривме на градоначалникот на општина Бутел г-дин Велимир Смилевски. Дрвцата ќе бидат насадени во дворот на општината, училишните дворови и домовите на учениците од општина Бутел.







